Врз основа на член 13 алинеја 3 од Законот за ревизија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10 и 135/11 година), Советот за унапредување и надзор на ревизијата на седница одржана на 16.11.2012 година донесе:

**ТАРИФНИК**
**за издавање лиценца за работа за вршење на работи на ревизија на друштва за ревизија, овластен ревизор-трговец поединец и на овластени ревизори**

Член 1

Со овој тарифник се утврдува висината на надоместоците што ги наплаќа Советот за унапредување и надзор на ревизијата за издавање лиценца за работа за вршење на работи на ревизија на друштва за ревизија, овластен ревизор-трговец поединец и на овластени ревизори.

Член 2

Висината на надоместоците од членот 1 на оваа одлука изнесува:

- надоместок за издавање лиценаца за вршење на работи на ревизија на друштвата за ревизија – 100.000,00 денари
- надоместок за издавање лиценца за вршење на работи на ревизија на овластен ревизор – трговец поединец – 80.000,00 денари
- надоместок за издавање на лиценца за овластен ревизор – 15.000,00 денари

Член 3

Овој тарифник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

**Претседател на Советот**
**за унапредување и надзор на ревизијата**
**Соња Ѓелова Стојанова**

СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА СКОПЈЕ

**Број** 01-78/2
16.11. **2012 година**
**Скопје**